**Cineplexx Skopje City Mall**
Љубљанска 4, 1000 Скопје
www.cineplexx.mk

Соопштение за медиуми
Датум: 03.06.2015

# КАКО МЕЛИСА МЕКАРТИ МУ ГО ЧУВА ГРБОТ НА ЏУД ЛО?

Ви го претставуваме новиот филм на студиото 20th Century Fox „Шпиони“ кој ќе се најде на репертоарот во Cineplexx од 4 јуни. Станува збор за филм кој собра вистински мажишта како што се Џејсон Стетам, Џуд Ло и Фифти Сент  (50th Cent), меѓутоа сите тие се засенети од една од најуспешните комичарки денес – Мелиса Мекарти, која глуми таен агент на американската тајна служба.

Таа ја игра Сузан Купер, скромна аналитичарка од ЦИА која јуначки се бори од сенка за успех на опасните мисии. Секојдневно работи во подрумот на американската разузнавачка служба ЦИА, а веќе десет години му е помошничка на супер шпионот кој го игра Џуд Ло. Мелиса Мекарти го опишува својот лик: „Сузан отсекогаш била способна, таа е одличен агент и тактичар, но ѝ недостига самодоверба. Меѓутоа, нејзината преданост кон Бредли Фајн, кој го глуми Џуд Ло, од неа ќе го извлече најдоброто.“ Кога Бредли Фајн ќе исчезне, а другиот врвен агент, кој го глуми Џејсон Стетам, ќе биде разоткриен, Сузан ќе прерасне во последната надеж на ЦИА во спречувањето на најпознатиот светски трговец со оружје да предизвика светска катастрофа.

Покрај одличниот хумор, филмот изобилува и со сериозни акциски сцени и прекрасни локации од неколку европски градови, меѓу кои Рим, Париз и Будимпешта.

Освен Мелиса Мекарти и Џуд Ло, во филмот се појавуваат и Роуз Берн, Боби Канавале и Алисон Џени, додека Џејсон Статам ја покажува својата урнебесна страна која досега не сме ја виделе.

Можете ли да замислите како изгледа, се движи и звучи диносаурус, а да не се сетите на „Паркот Јура“? Тоа не е само филм. Тоа е сеќавање кое сите го делиме.




По дваесет и две години, Стивен Спилберг се враќа како извршен продуцент во долгоочекуваното продолжение на спекталуларниот серијал „Паркот Јура“, овој пат насловен „Светот Јура“. За точно 8 дена, македонската публика ќе може да ја погледне оваа епска авантура во Cineplexx. Билетите се пуштени во продажба!

**Cineplexx Skopje City Mall**
Љубљанска 4, 1000 Скопје
www.cineplexx.mk

## КИНО ПРОГРАМА ОД 04.06 ДО 10.06.2015

**Шпиони (Spy)**
работни денови: 15:10, 17:30, 19:00, 20:00, 21:15, 22:30
викенд: 12:20, 15:10, 17:30, 19:00, 20:00, 21:15, 22:30

**Сан Андреас 3D (San Andreas 3D)**
работни денови: 15:00, 17:15, 19:45, 22:00
викенд: 12:00, 15:00, 17:15, 19:45, 22:00

**Сан Андреас (San Andreas)**
секој ден: 18:20, 20:30

**Каде се парите**
секој ден: 22:15

**Утреземја: Светот потаму (Tomorrowland)**
работни денови: 16:00, 18:30, 20:40
викенд: 11:00, 13:30, 16:00, 18:30, 20:40

**Полтергајст: Куќен дух 3D (Poltergeist 3D)**
секој ден: 20:15, 23:00

**Полтергајст: Куќен дух (Poltergeist)**
секој ден: 15:30

**Лудиот Макс: Пат на бесот 3D (Mad Max: Fury Road 3D)**
работни денови: 17:00, 19:20, 21:45, 22:40
викенд: 14:15, 17:00, 19:20, 21:45, 22:40

**Лудиот Макс: Пат на бесот (Mad Max: Fury Road)**
секој ден: 18:00

**Жешка потера (Hot Pursuit)**
секој ден: 16:40, 21:00, 22:50

**Одмаздници 2: Ерата на Ултрон 3D (The Avengers: Age Of Ultron 3D)**
секој ден: 16:15, 18:50, 21:30

**Одмаздници 2: Ерата на Ултрон (The Avengers: Age Of Ultron)**
викенд: 11:20, 14:00

**Брзи и бесни 7 (Furious 7)**
секој ден: 16:30

### ДЕТСКИ ФИЛМОВИ

**Сунѓерот Боб: Сунѓер на суво 3D (The Spongebob Movie: Sponge Out of Water 3D)**
работни денови: 15:45, 17:45
викенд: 11:40, 13:45, 15:45, 17:45

**Сунѓерот Боб: Сунѓер на суво (The Spongebob Movie: Sponge Out of Water)**
викенд: 12:40, 14:30

**Ѕвончица и чудовиштето од Недојдија (Tinkerbell: Legend of the Neverbeast)**
викенд: 13:15, 14:45

**Дома 3D (Home 3D)**
викенд: 13:00

***Киното го задржува правото на промена на програмата без претходна најава.**